Зголемувањето на бројот на вработени жртви, корелира со намалување на бројот на упатувања на жртви во Центар за вработување, како мерка на владата за економско зајакнување на оваа популација ранливи категории на граѓани.

**Табела 15 - Преглед на бројот на жртвите на семејно насилство по место на живеење во период 2020-2023 година**

| Место на живеење | 2020г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. |
|---|---|---|---|---|
| Град | 1179 | 1255 | 1253 | 1325 |
| Село | 361 | 353 | 294 | 280 |
| Вкупно | 1540 | 1608 | 1559 | 1605 |

Гледано по место на живеење, евидентно е дека жртвите на семејно насилство во поголем процент, и тоа 75%-83% живеат во град.

**Графикон 17 - Процент на бројот на жртви на семејно насилство по место на живеење во период 2020-2023 година**




Од горниот графикон се забележи дека има промени на движење на бројот на жртвите на семејно насилство кои живеат во село, и тоа од 361 во 2020 година на 280 во 2023 година кога ги има 7% помалку од вкупниот број споредбено со 2020 година. Причината за тоа може да е миграцијата на населението од село во град, што е тренд во постојан пораст во текот на годините.

## 8.2. Демографски обележја на сторителите на семејно насилство за 2020-2023г.

Табелата подолу дава преглед на сторителите на семејно насилство по пол и возраст, во периодот 2020-2023 година.

**Табела 16 - Преглед на бројот на сторители на семејно насилство по години**

| Сторители по пол и возраст | 2020г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. |
|---|---|---|---|---|
| Полнолетни од машки пол | 1320 | 1279 | 1201 | 1260 |
| Полнолетни од женски пол | 103 | 117 | 143 | 161 |
| Малолетни од машки пол | 5 | 0 | 7 | 3 |
| Малолетни од женски пол | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 1428 | 1396 | 1351 | 1424 |

Од податоците во табелата 16 може да се увиди дека во целиот период нема позначајни разлики по однос на број на сторители од машкиот пол, додека кај сторителките на насилство се забележува тенденција на раст (графикон 18), и тоа во 2023 година бројот се зголемил за 39%, споредбено со состојбата во 2020 година.

**Графикон 18 Процент на бројот на жртви на семејно насилство по место на живеење во период 2020-2023 година**




Кај малолетните лица не се едидентирани сторители од женскиот пол, додека кај машки малолетни сторители бројот се движи меѓу 3-7, односно вкупно се 15 сторители на насилство во целиот период, односно помалку од 1 % од вкупниот број на сторители.

По однос на движење на бројот на сторителите во разгледуваниот период, воочлива е неконзистентна динамика со незначителни разлики меѓу годините.

## 8.3. Вид на семејно насилство во период 2020-2023 година

Податоците од табелата 17 укажуваат дека во периодот од 2020-2023 година, каде што е разгледуван видот на сторено семејно насилство врз полнолетните и малолетните жртви од двата пола, најголем број се однесува на сторено психичко насилство, потоа физичкото насилство, следи економското и најмалку сексуалното семејно насилство.

**Табела 17 - Преглед на вкупниот бројот на сторено семејно насилство во период 2020-2023 по пол и вид на насилството**

| Возраст | Пол | Физичко | Психичко | Сексуално | Економско | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Полнолетни | женски | 2841 | 3249 | 38 | 106 | 6234 |
| | Машки | 360 | 806 | 1 | 36 | 1203 |
| Малолетни | женски | 132 | 332 | 4 | 6 | 474 |
| | Машки | 99 | 310 | 2 | 7 | 418 |
| Вкупно | | 3432 | 4697 | 45 | 155 | 8329 |

Најголем број од сторителите извршиле **психичко насилство (52%),** потоа **психичкото насилство (46%), економското** и **сексуално семејно насилство се под еден процент.** Сите видови на насилство се со различна динамика на движење во разгледуваниот период, но забележливо е што во 2023 година, бројот на возрасните жртви е заголемен околу 23%- 24% во споредба со 2020 година, кај двата пола.

**Табела 18 - Квантитативен преглед на видот на семејно насилство врз полнолетни жртви од женски пол во период 2020-2023 година**

| Вид на семејно насилсто на жртви од женски пол | 2020 г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичко | 671 | 683 | 724 | 763 | **2841** |
| Психичко | 718 | 847 | 722 | 962 | **3249** |
| Сексуално | 5 | 16 | 6 | 11 | **38** |
| Економско | 32 | 28 | 19 | 27 | **106** |
| Вкупно | 1426 | 1574 | 1471 | 1763 | 6234 |

Податоците од табелата 19 и графикон 19 покажуваат дека полнолетните жртви од машкиот пол во разгледуваниот период доживеале најмногу психичко насилство, како и жените - жртви, но со поголем процент од 67%, потоа физичко насилство со 30%, економското со 3% и сексуално насилство во еден случај во 2022 година.

**Табела 19 - Квантитативен преглед на видот на семејно насилство врз полнолетни жртви од машки пол во период 2020-2023 година**

| Вид на семејно насилство врз полнолетни жртви од машки пол | 2020 г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичко | 79 | 84 | 101 | 96 | **360** |
| Психичко | 176 | 210 | 201 | 219 | **806** |
| Сексуално | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| Економско | 8 | 8 | 10 | 10 | **36** |
| Вкупно | 263 | 302 | 313 | 325 | 1203 |

**Графикон 19 - Процент на вкупниот број на вид на семејно насилство врз полнолетни жртви во периодот 2020-2023 година по пол**



Од добиените податоци во табелите 20 и 21, како и графикон 20 може да се констатира дека во целиот период изложеност на малолетни жртви на различни форми на семејно насилство е речиси идентичен кај двата пола, за разлика од состојбата кај возрасните жртви.

**Табела 20 - Квантитативен преглед на видот на семејно насилство врз деца од женски пол во период 2020-2023 година**

| Вид извршено семејно насилство врз девојчиња | 2020 г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичко | 12 | 32 | 45 | 43 | **132** |
| Психичко | 47 | 90 | 85 | 110 | **332** |
| Сексуално | 0 | 0 | 1 | 3 | **4** |
| Економско | 5 | 0 | 0 | 1 | **6** |
| **Вкупно** | 64 | 122 | 131 | 157 | 474 |

**Табела 21 - Квантитативен преглед на видот на семејно насилство врз деца од машки пол во период 2020-2023 година**

| **Вид извршено семејно насилство врз момчиња** | **2020 г.** | **2021г.** | **2022г.** | **2023г.** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичко | 3 | 34 | 30 | 32 | **99** |
| Психичко | 56 | 87 | 72 | 95 | **310** |
| Сексуално | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| Економско | 7 | 0 | 0 | 0 | **7** |
| **Вкупно** | 66 | 121 | 103 | 128 | 418 |

**Графикон 20 - Процент на вкупниот број на вид на семејно насилство врз малолетни жртви во периодот 2020-2023 година по пол**



Во разгледуваниот период, евидентен е трендот на драстично зголемување на психичкото и физичкото насилство во 2023 година,  и тоа кај девојчиња за 145%,  а кај момчиња за 94%, споредбено со 2020 година.

## 8.4. Постапување на центрите за социјална работа во период 2020-2023 година во постапките на заштита на жртви на семејно насилство

Податоците укажуваат на зголемување на бројот на ново-пријавени жртви на семејно насилство во центар за социјална работа непосредно, од здравство и други институции во континуитет, што е аналогно со состојбата на зголемување на бројот на жртвите. Исклучок е нешто помалиот број на пријави од МВР во 2023 година споредбено со претходниот период.

**Табела 22 - Преглед на бројот на пријави на семејно насилство во центар за социјална работа во период 2020-2023 година**

| Како е упатена жртвата во ЦСР | 2020г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. |
|---|---|---|---|---|
| Пријава во ЦСР непосредно | 478 | 560 | 674 | 818 |
| Пријава од МВР | 1193 | 1011 | 1064 | 969 |
| Пријава од здравство | 6 | 3 | 19 | 27 |
| Пријава од др. Институции | 15 | 34 | 27 | 49 |
| Вкупно | 1692 | 1608 | 1784 | 1863 |

**Графикон 21 - Движење на состојба по подносител на пријави во ЦСР за семејно насилство во период 2020-2023 г.**




Во поглед на предложените и изречените привремени мерки за заштита во периодот 2020-2023 година евидентно од табелата 23, најголем број на предложени/изречени привремени мерки на заштита имало во 2022 година, а најмала динамика на предлагања/изрекување на мерки имало во 2020 година. Центрите за жртви

на семејно насилство биле најискористени во 2020, а во 2021 година во нив биле згрижени најмалку жртви на семејно насилство.

**Табела 23 - Преглед на број на мерки на помош на жртви на семејно насилство во ЦСР во период 2020-2023 г.**

| Мерки на помош | 2020г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. |
|---|---|---|---|---|
| Психо-социјална помош | 1413 | 1608 | 1467 | 1427 |
| Правна помош | 1060 | 1352 | 1056 | 1061 |
| Интервенција со полиција | 153 | 221 | 135 | 110 |
| Интервенција со здравство | 57 | 59 | 75 | 59 |
| Упатени во центри за вработување | 222 | 196 | 133 | 80 |
| Сместени во центар за привремен престој (засолниште) | 116 | 58 | 85 | 100 |
| ГМП | 35 | 63 | 38 | 25 |
| ЕПП | 15 | 14 | 20 | 30 |
| ППП | 1 | 4 | 1 | 2 |
| **Вкупно** | 3072 | 3575 | 3010 | 2894 |

Податоците покажуваат дека ЦСР применувал сет мерки на помош и заштита на жртвите од семејно насилство согласно надлежноста. Од податоците во табелата 23 може да се забележи дека мерката – упатување на жртвата во надлежен центар за вработување е во константен пад, и тоа од 222 упатувања во 2020 година на 80 во 2023 година, што е аналогно со промена на економскиот статус на жртвата, односно со тренд на зголемување бројот на вработени жртви на семејно насилство во 2022 и 2023 година.

**Графикон 22 - Преглед на движење вкупниот број на мерки на помош и заштита на жртви на семејно насилство во ЦСР во период 2020-2023 година**




Од графиконот 22 се забележува дека најголем број на применети мерки биле обезбедени во 2021 година, како и дека во разгледуваниот период има осцилации во нивното движење. Евидентна е и тенденцијата на намалување на бројот на преземените мерки за заштита во 2022 и 2023 година, со исклучок на мерката центар за привремен престој (засолниште).

Табела 24 - Преглед на предложени и изречени ПМЗ за периодот 2020-2023 г.

| ПМЗ - Привремени мерки на заштита | Соодност на предложени и изречени ПМЗ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2020г. | 2021г. | 2022г. | 2023г. |
| 1. Забрана да се закануваа дека ќе стори семејно насилство | 294/239 | 367/348 | 607/546 | **525/448** |
| 2. Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или друг начин комуницира со член на семејство, директно или индиректно | 276/208 | 344/285 | 559/491 | **501/424** |
| 3. Забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри | 172/131 | 259/176 | 347/292 | **382/293** |
| 4. Отстранување од домот без оглед на сопственоста | 16/15 | 15/14 | 12/10 | **10/10** |
| 5. Забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено | 5/6 | 6/8 | 9/6 | **7/8** |
| 6. Задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството | 5/5 | 10/11 | 9/5 | **7/5** |
| 7. Задолжително законско издржување на семејството | 2/0 | 18/9 | 7/1 | **2/2** |
| 8. Задолжително да посетува соодветно советувалиште | 56/40 | 80/47 | 274/240 | **209/170** |
| 9. Задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување | 122/74 | 115/95 | 188/140 | **170/132** |
| 10. Задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејно насилство | 1/1 | 2/2 | 16/14 | **4/0** |
| 11. Изрекување на било која друга мерка која судот која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството | 134/108 | 38/17 | 63/59 | **45/20** |
| ВКУПНО | 1083/ 827 | 1254/ 1012 | 2091/ 1804 | 1862/ 1512 |

Од табелата 24 и графиконот 23 може да се констатира дека во текот не периодот 2020-2023 година кај голем број на мерките има движење во насока на зголемување на бројот на предложени и на изречени мерки на заштита од семејно насилство.

Најголемото намалување на предложени мерки во разгледуваниот период после 2020 година се забележува кај мерката „изрекување на било која друга мерка која судот која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството", и тоа намалување за 66% во 2023 година споредбено со 2020 година.

**Графикон 23 - Преглед на вкупниот број на предложени и изречени ПМЗ на жртви на семејно во период 2020-2023 година**




Гледано процентуално, воочлив е трендот на зголемување на изречените ПМЗ споредбено со бројот на прдложените, со благо намалување во 2023 година.

**Графикон 24 - Процент на изречени ПМЗ во соодноси со предложени мерки во период од 2020-2023 година**



Други мерки и активности кои центрите за социјална работа ги применувале спрема сторителите во 2020, 2021, 2022 и 2023 година, кои воедно се во тренд на зголемување се:

- Кривична пријава за непочитување на привремените мерки за заштита;
- Известување за поседување на оружје и
- Известување на МВР за поседување на службено оружје.

## 9. Обуки за семејно насилство

Согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Министерството за труд и социјална политика има надлежност да подготвува програма за почетна и континуирана едукација на стручните лица што обезбедуваат специјализирани услуги на жени-жртви на родово-базирано насилство и на жртвите на семејно насилство, како и да спроведува почетна и континуирана едукација за стручните лица од центрите за социјална работа за извршување на работите од својата надлежност за родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство преку Заводот за социјални дејности.

Министерството за труд и социјална политика исто така дава согласност за програмата на почетна и континуирана едукација за родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство.

Во текот на 2023 година, се одржаа серија на обуки за мулти-секторска соработка и за работа со жени жртви на родово-базирано и семејно насилство во организација на Министерството за труд и социјална политика со финансиска поддршка на УНФПА и Британската амбасада, во рамките на кои беа обучени и сертифицирани 33 тренери[1], преку серија на обуки за мулти-секторска соработка и за работа со жени жртви на родово-базирано и семејно насилство.

Во обуките учествуваа и три лица од Заводот за социјални дејности, меѓу кои и авторката на оваа анализа.

Во текот на 2022 година исто така се реализираше интензивна обука за работа со сторители, наменета за професионалци од системот на социјална заштита, здравство, полиција, образование и невладин сектор во организација на Министерството за труд и социјална политика и граѓанската организација Хера. Во овие обуки беа вклучени и советници од Заводот за социјални дејност и професионалци од ЈУ МЦСР на град Скопје.

[1] https://northmacedonia.unfpa.org/en/news/unfpa-and-british-embassy-skopje-awarded-certificates-professionals-gender-based-violence

## 10. Надзори по предмети со семејно насилство

Во текот на 2023 година, Заводот реализираше надзор над стручна работа во 67 предмети, од кои 10 беа предмети, во кои корисниците изразија незадоволство во постапувањето на стручните работници од ЦСР при заштита од семејно насилство. Во два од тие предмети, се постапувало во заштита на деца како директни жртви на семејно насилство.

Преку надзорите се согледа дека стручните работници имаат голема потреба од различни специјализирани обуки за работа во оваа проблематика, како:

- проценка на жртви и на сторители на родово базирано насилство врз жените и семејно насилството
- избор на мерки за заштита на жртви на родово-базирано и семејно насилство,
- превенција од институционална виктимизација на жртвите на насилство, особено децата и др.

Преку надзорите се согледува дека работењето на оваа проблематика станува сè покомплексно заради фактот, што таму каде што во семејствата со семејно насилство има малолетни деца, се покренуваат и други постапки (бракоразводни постапки, постапки за уредување на личните односи и непосредните контакти на децата со родител со кого не живеат при развод на бракот, итн.).

Децата многу често се инволвираат во тие постапки, при што злоупотребувачкиот родител ги користи видувањата со детето / децата за да продолжи насилството врз поранешниот брачен партнер.

Се случува вакви предмети долг временски период да остануваат активни во центрите за социјална работа, при што децата се заштитуваат преку примена на превентивни или рестриктивни мерки од надзорот над вршењето на родителското право.

Од спроведените надзори од страна на Заводот по предмети со семејно насилство, во кои има постапувања и по други ризици, се согледува дека децата се секогаш жртви во таквите семејства со нарушени и конфликтни родителски релации, но не секогаш и се препознаени како такви, односно се случува да не бидат опфатени со мерки на помош и заштита, заедно со другиот незлоупотребувачки родител, кој во центарот за социјална заштита е евидентиран како жртва на семејно и/или родово базирано насилство.

Оттука се согледува потребата од посветување на поголемо внимание на работа со децата од семејствата, во кои постои родово базирано насилство и/или семејно насилство, од аспект на проценка на видот и на последиците од насилството, без оглед дали станува збор за деца кои се директни или индиректни жртви на насилство.

## 11. НЕДОСТАТОЦИ ВО СТРУЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство дава јасни насоки да се прави разлика помеѓу родово-базираното насилство над жените и семејното насилство, меѓутоа во центрите за социјална работа сѐ уште се врши евиденција само на семејното насилство, преку табели, кои се доставуваат до Заводот за социјални дејности и Министерството за труд и социјална политика.

Се очекува овој проблем делумно да се надмине преку актуелизирање и примена на софтверската програма SWIS во центрите за социјална работа, која ќе даде можности за внес на правата и на услугите од социјална заштита.

Сепак, комплетно надминување на проблемот ќе се постигне преку измена на актуелниот образец за проценка на ризикот од насилство за жртвите, кој е составен дел од актуелниот Правилник (*Правилник за начинот на спроведување на проценка на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од центарот за социјална работа и потребните обрасци, Службен весник на РСМ, бр. 240 од 26.10.2021 година*).

Имено, со примена на овој образец е невозможно да се изврши соодветна проценка на ризикот од насилство, кога жртвата е малолетно лице или пак полнолетно лице од машки пол.

Понатаму, постои и неусскладеност помеѓу центрите за социјална работа во поглед на прикажувањето на податоците за жртвите на насилство.

Имено, некои центри за социјална работа, во кварталните табели го прикажуваат бројот на жени-жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство истовремено, а други ги прикажуваат само жртвите на семејно насилство.

Јасна е потребата на стручните работници да прикажат точен број на корисници на права и услуги од социјалната заштита со кои работат, меѓутоа постои јасна насока во кварталните табели да се даваат податоци само за <u>жртви на семејно насилство</u>.

Од спроведените надзори по предмети со семејно насилство и реализираните работно-консултативни средби со претставници од ЦСР по одредени предмети, се добиваат сознанија за актуелниот недостаток од јасно конципиран образец за проценка на ризикот од насилство за малолетни жртви (без оглед на нивниот пол) и полнолетни жртви од машки пол, бидејќи содржината на актуелниот образец е конципирана само за жени-жртви на насилство.

## 12. Препораки за унапредување на квалитетот на стручната работа на ЦСР

Врз основа на сознанијата од континуираната комуникација со центрите за социјална работа за време на обуки, координативни средби и надзори, како и долгогодишното искуство од работа на оваа проблематика, констатирани се следните активности, кои треба да се преземат на повеќе нивоа, со цел да се унапреди превенцијата и квалитетот на стручната работа во доменот на заштитата на жртвите на семејно и родово-базирано насилство:

### Генерални препораки до креаторите на политики и закони

1) Унапредување на превенцијата поголемо вклучување на воспитно-образовните институции. Ова може да се постигне преку обуки за сензибилизирање на професионалците од образовните институции за надлежностите на институциите од системот на социјална заштита, во случај на препознавање на можно родово-базирано насилство над жените и девојчињата и/или семејно насилство меѓу децата / учениците и /или членови на нивното семејство;
2) Зголемување на бројот и регионалната дисперзија на сервисите за психо-социјален третман како за жртви, така и за сторители на родово-базирано и семејно насилство, согласно акциониот план за Истанбулската конвенција;
3) Подобрување на имплементацијата на законските решенија, преку измена на актуелниот Правилник во делот на проценка на ризикот од насилство за жртвите, така што да се осмислат повеќе различни обрасци за проценка, во зависност од полот и возраста на жртвите;
4) Превенција на институционална виктимизација на жртвите преку зголемување на импутот на државата во поглед на финансии, опрема и човечки ресурси кај давателите на социјални услуги за жртвите на семејно и родово-базирано насилство.
5) Активно вклучување на мажите и момчињата, во спречувањето на сите форми на насилство, согласно ИК;
6) Развивање на програми за сторителите во затворски средини;
7) Развивање услуги за сторители на различни видови сексуални деликти и други видови корисници (како што се педофили, жени-сторителки на насилство, сторители на сексуално семејно насилство и други).

### Препораки до професионалците од системот на социјална заштита

8) Активно учество на стручните работници од центрите за социјална работа и од други заинтересирани страни во обуки за работа со жртви и сторители на родово базирано насилство над жени и семејно насилство, во организација на

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Заводот за социјални дејности и други партнерски организации.

9) Поголема посветеност на стручните работници од центрите за социјална работа во превенција од институционална виктимизација и постапување согласно правата и најдобрите интереси на децата преку практичната примена на законската регулатива за семејно насилство, како и на добиените знаења од обуките за семејно насилство.

10) Кадровско екипирање, т.е. комплетирање на повеќе стручни тимови, кои ќе работат на проблематиката родово-базирано насилство над жени и семејно насилство (за работа во центрите за социјална работа и во советувалиштата за жртви и сторители на семејно насилство).

11) Активирање на мулти-секторските тимови преку поголема иницијативност на центрите за социјална работа во делот на координација, соработка и информираност помеѓу членовите на мултисекторските тимови за семејно насилство на локално ниво, со цел да се унапреди заштитата на жртвите.

12) Координација и редовни работни средби помеѓу претставници од центрите за социјална работа во РС Македонија и останатите институции – членови на мултисекторските тимови на локално ниво, на кои ќе бидат дискутирани позитивните и негативните искуства, можностите за унапредување на законските решенија и сите други аспекти од заедничкото работење, кои влијаат на тековната пракса и квалитетот на услугите кон жртвите и сторителите на семејно насилство.

13) Реализација на истражувања за различни аспекти од областа на родово-базирано насилство над жените и девојчињата и семејното насилство, кои треба да расветлат одредени сегменти од оваа проблематика, врз основа на кои ќе се унапреди квалитетот на професионалната пракса во поглед на превенцијата и третманот на истата;

## Препораки до општата популација население

14) Поголема сензибилност и ажурност во пријавување на родово-базирано насилство над жените и девојчињата и на семејното насилство, како и нетолеранција на насилството, како стил на воспитување на децата или начин на живеење во брачните и семејните релации.

ПРИЛОЗИ:

1) **Збирна обработка на податоци за семејно насилство за сите 4 квартали од 2023 година**

2) **Статистички белези за жртви и сторители на семејно насилство во** РС МАКЕДОНИЈА (2020-2023)

**Прилог 1)**

## ЗБИРНА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ЗА СИТЕ 4 КВАРТАЛИ ОД 2023 ГОДИНА

| **Индикатор за обработка** | ЦСР | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно ЖСН:** | I квартал | II квартал | III квартал | IV квартал | **Збир** |
| Македонци | 275 | 258 | 348 | 351 | **1,232** |
| Албанци | 52 | 43 | 61 | 47 | **203** |
| Роми | 19 | 33 | 28 | 29 | **109** |
| Други | 18 | 15 | 16 | 12 | **61** |
| **вкупно** | 364 | 349 | 453 | 439 | 1,605 |
| **Пол на на жртвите** | | | | | |
| Полнол. ЖСН од машки пол | 58 | 57 | 63 | 66 | 244 |
| Полнол. ЖСН од женски пол | 252 | 251 | 319 | 302 | 1,124 |
| Мал. ЖСН од машки пол | 26 | 18 | 47 | 29 | 120 |
| Мал. ЖСН од женски пол | 28 | 23 | 24 | 42 | 117 |
| **вкупно** | 364 | 349 | 453 | 439 | 1,605 |
| **Економски статус на ЖСН** | | | | | |
| Вработени ЖСН | 175 | 172 | 217 | 209 | 773 |
| Невработени ЖСН | 152 | 129 | 185 | 190 | 656 |
| Стари лица | 37 | 48 | 51 | 40 | 176 |
| **вкупно** | 364 | 349 | 453 | 439 | 1,605 |
| **Место на живеење на ЖСН** | | | | | |
| Град | 296 | 292 | 379 | 358 | 1,325 |
| Село | 68 | 57 | 74 | 81 | 280 |
| **вкупно** | 364 | 349 | 453 | 439 | 1,605 |
| **Помош во надлежност на ЦСР** | | | | | |
| Психо-социјална помош | 324 | 320 | 365 | 418 | 1,427 |
| Правна помош | 249 | 214 | 274 | 324 | 1,061 |
| Интервенција со полиција | 14 | 44 | 34 | 18 | 110 |
| Интервенција со здравство | 10 | 18 | 12 | 19 | 59 |
| Упатено во АВРМ | 28 | 20 | 21 | 11 | 80 |
| Сместени во ЦЖСН | 14 | 22 | 27 | 37 | 100 |
| ГМП | 7 | 6 | 5 | 7 | 25 |
| ЕПП | 4 | 11 | 5 | 10 | 30 |
| ППП | / | 1 | / | 1 | 2 |
| **Како е упатена жртвата во ЦСР** | | | | | |
| Пријава во ЦСР | 183 | 153 | 230 | 252 | 818 |
| Пријава од МВР | 206 | 212 | 284 | 267 | 969 |
| Пријава од здравство | 3 | 7 | 12 | 5 | 27 |
| Пријава од др. институции | 17 | 3 | 15 | 14 | 49 |

| ЖЕНИ жртви | Вид на насилство | I квартал | II квартал | III квартал | IV квартал | Збир |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физичко | 179 | 159 | 227 | 196 | **761** |
| | Психичко | 200 | 216 | 295 | 271 | **882** |
| | Сексуално | 1 | 3 | 1 | 6 | **11** |
| | Економско | 7 | 2 | 1 | 17 | **27** |
| МАЖИ жртви | Физичко | 17 | 24 | 26 | 29 | **96** |
| | Психичко | 50 | 60 | 58 | 51 | **219** |
| | Сексуално | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| | Економско | 3 | 1 | 1 | 5 | **10** |
| ЖЕНСКИ деца | Физичко | 6 | 5 | 11 | 21 | **43** |
| | Психичко | 28 | 17 | 32 | 33 | **110** |
| | Сексуално | 0 | 1 | 2 | 0 | **3** |
| | Економско | 0 | 1 | 0 | 0 | **1** |
| МАШКИ деца | Физичко | 6 | 5 | 10 | 11 | **32** |
| | Психичко | 27 | 13 | 31 | 24 | **95** |
| | Сексуално | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| | Економско | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |

| Податоци за ССН по ЦСР | I квартал | II квартал | III квартал | IV квартал | Збир |
|---|---|---|---|---|---|
| Полнол. ССН мажи | 268 | 297 | 362 | 333 | 1,260 |
| Полнол. ССН жени | 46 | 35 | 37 | 43 | 161 |
| Мал. ССН машки | 1 | 1 | 0 | 1 | 3 |
| Мал. ССН женски | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кр. Пријави за ССН за непочитување ПМЗ | 17 | 23 | 16 | 21 | 77 |
| Извест. за постоење оружје кај ССН | 15 | 23 | 43 | 36 | 117 |
| Известув.за пристап на ССН до оружје | 4 | 18 | 10 | 36 | 68 |

| ПМЗ<br>(Привремени мерки за заштита за жртвите предлагани спрема сторителите) | Соодное на предложени и изречени ПМЗ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | I квартал | II квартал | III квартал | IV квартал | Збир |
| 1. Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство | 123/120 | 106/87 | 167/146 | 129/95 | 525/448 |
| 2. Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или друг начин комуницира со член на семејство, директно или индиректно | 123/105 | 92/80 | 153/139 | 133/100 | 501/424 |
| 3. Забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри | 70/54 | 68/53 | 145/108 | 99/78 | 382/293 |
| 4. Отстранување од домот без оглед на сопственоста | 3/2 | 2/3 | 4/3 | 1/2 | 10/10 |
| 5. Забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено | 1/1 | 2/3 | 2/2 | 2/2 | 7/8 |
| 6. Задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството | 5/3 | ½ | 1/0 | 0 | 7/5 |
| 7. Задолжително законско издржување на семејството | 0/0 | 1/1 | 0/0 | 1/1 | 2/2 |
| 8. Задолжително да посетува соодветно советувалиште | 55/49 | 41/30 | 65/57 | 48/34 | 209/170 |
| 9. Задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување | 30/21 | 40/34 | 51/37 | 49/40 | 170/132 |
| 10. Задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејно насилство | 0/0 | 0/0 | 1/0 | 3/0 | 4/0 |
| 11. Изрекување на било која друга мерка која судот која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството | 3/2 | 6/5 | 22/9 | 14/4 | 45/20 |
| ВКУПНО | 413/357 | 359/298 | 611/501 | 479/356 | 1,862/ 1,512 |

**Советувалишна работа со жртви на семејно насилство:**

| I квартал | II квартал | III квартал | IV квартал | Збир |
|---|---|---|---|---|
| 6 жени / 20 средби (во Скопје и Кавадарци) | 8 жени / 45 средби (во Скопје) | 7 жени 32 средби (во Скопје) | 9 жени 34 средби (во Скопје) | **30 жени/ 129 средби (во Скопје и Кавадарци)** |

**Советувалишна работа со сторители на семејно насилство:**

| I квартал | II квартал | III квартал | IV квартал | Збир |
|---|---|---|---|---|
| 38 сторители/121 средба | 25 сторители/ 78 средби | 37 сторители 112 средби | 39 сторители 79 средби | **139 сторители 390 средби (во Скопје)** |

Прилог 2)

# Компаративен преглед на статистички белези на жртвите и сторителите на семејно насилство и преземени активности на ЦСР во заштита на жртвите (2020-2023)

| Статистички белези за ЖСН (жртви на семејно насилство) | ЦСР | | | |
|---|---|---|---|---|
| Националност на ЖСН | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| Македонци | 1174 | 1180 | 1149 | 1232 |
| Албанци | 137 | 191 | 197 | 203 |
| Роми | 153 | 182 | 154 | 109 |
| Други | 76 | 55 | 59 | 61 |
| Вкупно | 1540 | 1608 | 1559 | 1605 |
| Пол на на жртвите | | | | |
| Полнол. ЖСН од машки пол | 251 | 274 | 253 | 244 |
| Полнол. ЖСН од женски пол | 1170 | 1119 | 1092 | 1124 |
| Деца ЖСН од машки пол | 58 | 104 | 108 | 120 |
| Деца ЖСН од женски пол | 61 | 111 | 106 | 117 |
| Вкупно | 1540 | 1608 | 1559 | 1605 |
| Економски статус на ЖСН | | | | |
| Вработени ЖСН | 645 | 659 | 729 | 773 |
| Невработени ЖСН | 742 | 788 | 666 | 656 |
| Стари лица | 153 | 161 | 164 | 176 |
| Вкупно | 1540 | 1608 | 1559 | 1605 |
| Место на живеење на ЖСН | | | | |
| Град | 1179 | 1255 | 1253 | 1325 |
| Село | 361 | 353 | 294 | 280 |
| Вкупно | 1540 | 1608 | 1559 | 1605 |
| Мерки на помош за ЖСН во надлежност на ЦСР | | | | |
| Психо-социјална помош | 1413 | 1608 | 1467 | 1427 |
| Правна помош | 1060 | 1352 | 1056 | 1061 |
| Интервенција со полиција | 153 | 221 | 135 | 110 |
| Интервенција со здравство | 57 | 59 | 75 | 59 |
| Упатено во АВРМ | 222 | 196 | 133 | 80 |
| Сместени во ЦЖСН | 116 | 58 | 85 | 100 |
| ГМП | 35 | 63 | 38 | 25 |
| ЕПП | 15 | 14 | 20 | 30 |
| ППП | 1 | 4 | 1 | 2 |
| Како е упатена жртвата во ЦСР | | | | |
| Пријава во ЦСР | 478 | 560 | 674 | 818 |
| Пријава од МВР | 1193 | 1011 | 1064 | 969 |
| Пријава од здравство | 6 | 3 | 19 | 27 |
| Пријава од др. институции | 15 | 34 | 27 | 49 |

| Податоци за број на ССН (сторители на семејно насилство) и преземени мерки | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Полнолетни ССН мажи | 1320 | 1279 | 1201 | 1260 |
| Полнолетни ССН жени | 103 | 117 | 143 | 161 |
| Деца ССН од машки пол | 5 | 0 | 7 | 3 |
| Деца ССН од женски пол | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кр. Пријави за ССН за непочитување ПМЗ | 26 | 39 | 58 | 77 |
| Извест. за постоење оружје кај ССН | 12 | 34 | 60 | 117 |
| Известув.за пристап на ССН до оружје | 7 | 10 | 45 | 68 |
| ВКУПНО ССН | 1428 | 1396 | 1351 | 1424 |

| | ЦСР | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| ЖЕНИ жртви | Физичко | 671 | 683 | 724 | 763 |
| | Психичко | 718 | 847 | 722 | 962 |
| | Сексуално | 5 | 16 | 6 | 11 |
| | Економско | 32 | 28 | 19 | 27 |
| | Вкупно различни видови доживеано насилство за жени ЖСН | 1,426 | 1,574 | 1,471 | 1,763 |
| МАЖИ жртви | Физичко | 79 | 84 | 101 | 96 |
| | Психичко | 176 | 210 | 201 | 219 |
| | Сексуално | 0 | 0 | 1 | 0 |
| | Економско | 8 | 8 | 10 | 10 |
| | Вкупно различни видови доживеано насилство за мажи ЖСН | 263 | 302 | 313 | 325 |
| Девојчиња жртви | Физичко | 12 | 32 | 45 | 43 |
| | Психичко | 47 | 90 | 85 | 110 |
| | Сексуално | 0 | 0 | 1 | 3 |
| | Економско | 5 | 0 | 0 | 1 |
| | Вкупно различни видови доживеано насилство за девојчиња ЖСН | 64 | 122 | 131 | 157 |
| Момчиња жртви | Физичко | 3 | 34 | 30 | 32 |
| | Психичко | 56 | 87 | 72 | 95 |
| | Сексуално | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | Економско | 7 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно различни видови доживеано насилство за момчиња ЖСН | | 66 | 121 | 103 | 128 |

| ПМЗ | Соодност на предложени и изречени ПМЗ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
| 13. Забрана да се закануува дека ќе стори семејно насилство | 294/239 | 367/348 | 607/546 | **525/448** |
| 14. Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или друг начин комуницира со член на семејство, директно или индиректно | 276/208 | 344/285 | 559/491 | **501/424** |
| 15. Забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри | 172/131 | 259/176 | 347/292 | **382/293** |
| 16. Отстранување од домот без оглед на сопственоста | 16/15 | 15/14 | 12/10 | **10/10** |
| 17. Забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено | 5/6 | 6/8 | 9/6 | **7/8** |
| 18. Задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството | 5/5 | 10/11 | 9/5 | **7/5** |
| 19. Задолжително законско издржување на семејството | 2/0 | 18/9 | 7/1 | **2/2** |
| 20. Задолжително да посетува соодветно советувалиште | 56/40 | 80/47 | 274/240 | **209/170** |
| 21. Задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување | 122/74 | 115/95 | 188/140 | **170/132** |
| 22. Задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејно насилство | 1/1 | 2/2 | 16/14 | **4/0** |
| 23. Изрекување на било која друга мерка која судот која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството | 134/108 | 38/17 | 63/59 | **45/20** |
| ВКУПНО | 1083/ 827 | 1254/ 1012 | 2091/ 1804 | 1,862/ 1,512 |

## Збирно – вид насилство по години, пол и возраст на жртвите (2020-2023 )

| Возраст | Пол | Физичко | Психичко | Сексуално | Економско | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Полнолетни | женски | 2,841 | 3,269 | 36 | 106 | 6,252 |
| | машки | 360 | 806 | 1 | 36 | 1,203 |
| Малолетни | женски | 132 | 332 | 3 | 6 | 473 |
| | Машки | 99 | 310 | 2 | 7 | 418 |
| Вкупно | | 3,432 | 4,717 | 42 | 155 | 8,346 |

## Збирно – вид насилство по години, само за деца –жртви на семејно насилство

2020

| Пол | Физичко | Психичко | Сексуално | Економско | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|
| Девојчиња | 12 | 47 | / | 5 | 64 |
| Момчиња | 3 | 56 | / | 7 | 66 |
| Вкупно | 15 | 103 | / | 12 | 130 |

2021

| Пол | Физичко | Психичко | Сексуално | Економско | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|
| Девојчиња | 32 | 90 | / | / | 122 |
| Момчиња | 34 | 87 | / | / | 121 |
| Вкупно | 66 | 177 | / | / | 183 |

2022

| Пол | Физичко | Психичко | Сексуално | Економско | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|
| Девојчињ а | 45 | 85 | 1 | / | 131 |
| Момчиња | 30 | 72 | / | / | 102 |
| Вкупно | 75 | 157 | 1 | / | 233 |

2023

| Пол | Физичко | Психичко | Сексуално | Економско | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|
| Девојчињ а | 43 | 110 | 2 | 1 | 156 |
| Момчиња | 32 | 95 | 1 | 0 | 128 |
| Вкупно | 75 | 205 | 3 | 1 | 284 |

**Советувалишна работа со жртви на семејно насилство, по години:**

| 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | **Збир** |
|---|---|---|---|---|
| 71 | 64 | 59 | 30 | **224** |

(Советувалишната работа со жртви се одвивала во советувалиштата при ЈУ МЦСР на град Скопје, ЈУ МЦСР Куманово и НВО Хера во Скопје).

**Советувалишна работа со сторители на семејно насилство, по години:**

| 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | **Збир** |
|---|---|---|---|---|
| 68 | 75 | 96 | 139 | **378** |

(Советувалишна работа со сторители со изречени судски мерки се одвива единствено во советувалиштето при ЈУ МЦСР на град Скопје)

## Деца жртви и сторители на семејно насилство евидентирани во ЦСР во РСМ

### Период 2020 – 2023 година

| Деца жртви на семејно насилство, по години | | | |
|---|---|---|---|
| години | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
| 2020 | 58 | 61 | **119** |
| 2021 | 104 | 111 | **215** |
| 2022 | 108 | 106 | **214** |
| 2023 | 120 | 117 | **237** |
| Вкупно | **390** | **395** | **785** |

| Деца сторители на семејно насилство, по години | | | |
|---|---|---|---|
| години | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
| 2020 | 5 | 0 | **5** |
| 2021 | 0 | 0 | **0** |
| 2022 | 7 | 0 | **7** |
| 2023 | 3 | 0 | **3** |
| Вкупно | **15** | **0** | **15** |

.

# Корисни линкови

**Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство**

https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

**Закон за семејството – пречистен текст од 2015 година**

https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/5.11_%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%81%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D1%98%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE%20(%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD%20%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82%20%D0%BD%D0%BE%D0%B5%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202015).pdf

**Контакт информации за центрите за социјална работа во Република Северна Македонија**

https://aspi.mk/imateli/362/

**Надлежности на Центар за социјална работа**

https://www.mtsp.gov.mk/specijalizirani-uslugi-za-zrtvi-na-semejno-nasilstvo.nspx

**Оддел советувалиште при ЈУ МЦСР на град Скопје**

https://www.jumcsrskopje.gov.mk/oddel-sovetuvaliste

**МТСП - Регистар на лиценцирани даватели на социјални услуги:**

https://www.mtsp.gov.mk/registri-ns_article-registar-na-licencirani-davateli-na-socijalni-uslugi.nspx

**Протокол за меѓусебна соработка на надлежни субјекти за преземање мерки за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство**

https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2023/protokoli/%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%A2%D0%9E%D0%9A%D0%9E%D0%9B%20%D0%97%D0%90%20%D0%9C%D0%95%D0%83%D0%A3%D0%A1%D0%95%D0%91%D0%9D%D0%90%20%D0%A1%D0%9E%D0%A0%D0%90%D0%91%D0%9E%D0%A2%D0%9A%D0%90-%D0%9D%D0%90%D0%A1%D0%98%D0%9B%D0%A1%D0%A2%D0%92%D0%9E%20%D0%92%D0%A0%D0%97%20%D0%96%D0%95%D0%9D%D0%98%20%D0%98%20%D0%A1%D0%95%D0%9C%D0%95%D0%88%D0%9D%D0%9E%20%D0%9D%D0%90%D0%A1%D0%98%D0%9B%D0%A1%D0%A2%D0%92%D0%9E.pdf

**Линк до регионалното истражување за мапирани програмите за сторители во Западен Балкан, спроведено од експертки од Европската мрежа на организациии кои работат со сторители (WWP EN - Work With Perpetrators European Network)**

https://www.work-with-perpetrators.eu/fileadmin/WWP_Network/redakteure/Projects/STOPP/WWPEN_STOPP_ExecSum_NM_220614_web.pdf